Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н ИК

од Дванаесеттата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество,
одржана на 16.06.2026 година

Скопје, јуни 2026 година

# НАЦРТ-ЗАПИСНИК

од Дванаесеттата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество,
одржана на 16.06.2026 година

Седницата започна во 14:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Никица Кусиникова, Здружение Конект Скопје.

На седницата присуствуваа: Гоце Стоиловски - Министерството за внатрешни работи, Снежана Ристовска - Министерство за култура и туризам, Оливера Јакшиќ Транталовска - Министерство за дигитална трансформација, Валентина Величковска - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, Дарко Аврамовски - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", Маја Атанасова - Македонско здружение на млади правници, Скопје, Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје, Моника Илиоска Кантарџиоска - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Сузана Стојановска - Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје, Елизабета Божиноска - ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола, Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје и Драгица Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот или нивните заменици: Бојана Босилкова или Александра Цветановска - Министерство за правда, Суеда Бајрами или Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците, Даница Насова Иванова или Марија Николовска Ѓорѓиев - Министерство за европски прашања, Ангелина Јакимовска или Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии, Елизабета Поп-Ангелова или Бети Попова - Министерство за економија и труд, Јован Грповски или Весна Блажески Синадинова - Министерство за здравство, Весна Виќњевиќ или Александра Анчева - Министерство за образование и наука, Шпреса Саиди или Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади, Стефан Вангелски или Александра Куновска - Министерство за локална самоуправа, Наим Вренези или Ениса Далипи - Министерство за животна средина и просторно планирање, Асиб Зекир или Мартина Иљаз -Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ-Скопје, Теа Зографска или Мартина Станковиќ-Национален совет за родова рамноправност и Зоран Димов - Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија-ЗРДИЦМ Скопје или Ахмет Јашаровски – Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово.

На седницата на Советот присуствуваа и претставници на Генералниот секретаријат на Владата: Сузана Никодијевиќ-Филиповска и Елпида Самарџиоска од Секторот за анализа на политиките и координација, и Зоран Илиески од Проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во РСМ" финансиран од ЕУ.

*

*　　*

Врз основа Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го утврди следниов:

# Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Единаесеттата седница на Советот, одржана на 29.04.2026 година

1. Нацрт-Комуникациска стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2026-2028

2. Нацрт-Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2025 година

3. Реакција на Мрежата за заштита од дискриминација, Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, Платформата за родова еднаквост и Македонската платформа против сиромаштија на Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри

4. Прашања и предлози

*
*   *

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество едногласно и без забелешки го усвои Записникот од Единаесеттата седница на Советот, одржана на 29.04.2026 година

*
*   *

<u>Точка 1</u>

Никица Кусиникова ја отвори седницата, информирајќи ги присутните дека текстот на Нацрт-Комуникациската стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2026-2028 беше разгледан и усогласен на работилницата за Комуникациска стратегија на Советот, која се одржа на 15 и 16 јуни 2026 година, во хотел Александар Палас, организирана од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија. На работилницата се работеше во групи и на Годишниот план за комуникација на Советот за 2026 година, но текстот дополнително ќе се разгледа на дописна седница на Советот во почетокот на јули 2026 година, поради потребата од негова доработка и усогласување.

<u>**Заклучок:**</u>

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја разгледа и донесе Комуникациската стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2026-2028 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска даде краток осврт за подготовката и содржината на Нацрт-Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2025 година. Информираше дека согласно заклучоците од состанокот со претставници на Македонскиот центар за меѓународна соработка МЦМС во јануари 2026 година, во збирот на доделените средства на граѓански организации не се содржани средствата доделени на Црвениот крст на РСМ и неговите општински организации, бидејќи не се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, а средствата за поддршка на спортски активности, клубови и федерации (со исклучок за спортските клубови регистрирани како акционерски друштва) се посебно издвоени во табеларните прегледи. Во 2025 година биле доделени вкупно 1.790.490.576 денари финансиска поддршка за 3.514 проекти/програми, што претставува 0,49% од вкупните приходи планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година или 11,88% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2025 година. Најголеми даватели на централно ниво се Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за спорт и Министерството за култура и туризам, додека на локално ниво се општините Битола, Охрид, Куманово и Струмица. Во Извештајот се препорачува при планирање и обезбедување на финансиска поддршка за граѓанските организации да се користи буџетската ставка 463-трансфери до невладини организации, а со новиот Закон за здруженија и фондации да се предвиди поддршка за кофинансирање на проекти од европски и други фондови.

Валентина Величковска информираше дека МЦМС подготвува Извештај за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2025 година, за кој се обезбедени податоци и од Министерството за правда, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа и Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво-ИНОВА. Препорача да се проверат податоците од Министерството за дигитална трансформација, дали средствата се од буџетот на министерството или од европски фондови, средствата на Министерството за економија и труд иако се согласно Програма за заштита на потрошувачите за 2025 година се исплатени во 2026 година, а средствата за средствата на Министерството за социјална политика, демографија и млади по основ на склучени договори за социјални услуги треба да во табеларниот преглед да се наведат организациите, односно да се провери дали сите средства се за граѓански организации или има и договори со Црвениот крст или установи.

Оливера Јакшиќ Транталовска информираше дека Министерството за дигитална трансформација во 2025 година, преку ставка 464-разни трансфери од буџетот на министерството додели вкупно 5.026.777 денари врз основа на потпишан конзорциумски договор бр.08-462/1 за имплементација на проектот MKSafeNet/Центар за побезбеден интернет, потврдувајќи го износот наведен во Нацрт-Извештајот.

Никица Кусиникова укажа во Извештајот да се потенцира дека средствата за договорни услуги од Министерството за социјална политика, демографија и млади се базирани на цена на услуга по лице, треба да бидат опфатени во извештајот но како средства за финансирање на услуги, а не како финансиска поддршка на граѓански организации. Данче Даниловска Бајдевска дополни дека со склучувањето на договор за социјални услуги државата пренесува дел од своите обврски така што овие средства се слеваат во граѓанското општество, меѓутоа понатаму треба да се разграничи нивната намена.

Маја Атанасова побара објаснување за начинот на кој Министерството за правда, според податоците на МЦМС, доделило средства на 2 организации за бесплатна правна помош, бидејќи согласно Законот за бесплатна правна помош, министерството треба да објави јавен конкурс за доделување на средства.

<u>Заклучок:</u>

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2025 година и утврди позитивно мислење, со укажување материјалот да се дополни со податоци за доделени средства на граѓански организации од Министерство за правда, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за локална самоуправа и Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво-ИНОВА, согласно податоците на Македонскиот центар за меѓународна соработка обезбедени со барање за пристап до информации од јавен карактер, а податоците за доделени средства од Министерството за социјална политика, демографија и млади да се дополнат со табеларен преглед на склучени договори со граѓански организации даватели на социјални услуги.

<u>Точка 3</u>

Никица Кусиникова отвори дискусија за третата точка од дневниот ред, потсетувајќи дека во постапка на донесување е нов Закон за игрите на среќа и за забавните игри во кој е изменет клучен член којшто го дефинира финансирањето на одредена група граѓански организации, за што се добиени и неколку реакции од мрежи и платформи. При подготовката на Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри не биле консултирани ниту засегнатите страни, ниту Советот, а воедно текстот на предлог-законот не беше објавен за коментари на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

Елизабета Божиноска информираше дека е добиен допис поддржан од 4 мрежи и тоа: Мрежа за заштита од дискриминација, Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, Платформата за родова еднаквост и Македонската платформа против сиромаштија, но своја иницијатива имаат и инвалидските организации кои со директни дописи се имаат обратено до Владата и Собранието на Република Северна Македонија. Во дописот се наведува дека со новото законското решение се бришат граѓанските организации, националните инвалидски организации и Црвениот крст како јасно препознаени организации што можат да добиваат средства за работа со ранливи категории. Измените на овој закон без консултации со граѓанските организации и со Советот претставува уназадување на демократските процеси и предложи Советот да упати писмена реакција до Министерството за финансии и Канцеларијата на Претседателот на Владата за нетранспарентниот процес на подготовка на овој закон и до Собранието на Република Северна Македонија, со барање да се земат превид забелешките и барањата на мрежите и да организира јавна расправа.

Данче Даниловска Бајдевска предложи да се формулираат заклучоци во кои првенствено ќе се даде поддршка на реакцијата на четирите мрежи на граѓански организации, но и да се подготват дописи до клучните институции во кои ќе бидат наведени барањата на Советот. Комисијата за финансирање и буџет на Собранието треба да одржи седница за јавна расправа за овој Предлог на закон, на која ќе покани претставници на граѓански организации и потсети дека се додека не заврши амандманската расправа има механизми за дејствување на граѓанските организации.

Валентина Величковска посочи дека со Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, кој беше подготвен низ широк консултативен процес со граѓанските организации, беше содржана активност за изменување на членот 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со цел од овие средства да се финансира и развојот на граѓански организации регистрирани по Законот за здруженија и фондации, како основа за дополнително финансирање (проширување на опфатот), а износот на средствата да се определува на најмногу 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 120 милиони денари.

Никица Кусиникова и Елизабета Божиноска оценија дека без да се направат консултации и анализи Советот нема мандат да предложи конкретни измени (амандман) на член 18 од Предлог-законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Членовите на Советот на крај констатираа дека е потребно граѓанските организации да бидат наведени во член 18 став 1 од Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри како корисници на средства остварени од приредувањето на игри на среќа и забавни игри за работа со ранливи категории на граѓани и укажаа на неопходноста од транспарентен и инклузивен процес на креирање на јавните политики кои влијаат на развојот на граѓанскиот сектор и јасно препознавање на граѓанските организации како партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата.

<u>Заклучоци:</u>

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја поддржува Реакцијата на Мрежата за заштита од дискриминација, Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, Платформата за родова еднаквост и Македонската платформа против сиромаштија на Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да подготви Нацрт-реакција на Советот до Министерството за финансии и Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија на процесот на подготовка на Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри, како и Нацрт-барање до Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Северна Македонија, за организирање на седница за јавна расправа по Предлог-законот на која ќе бидат поканети претставници на граѓанските организации.

## <u>Точка 4</u>

Согласно дискусијата на Работилницата за Комуникациската стратегија на Советот, Моника Илиоска Кантарџиоска предложи постојаната Работна група за комуникации да се дополни со Беба Жагар од Институтот за европска политика Скопје и Маја Атанасова од Македонското здружение на млади правници Скопје.

Валентина Величковска информираше за учеството во Мониторинг комитетот за Механизмот за реформи и раст, потенцирајќи дека 3 дена не се доволни за избор на 16 членови од граѓанскиот сектор и дека за наредниот состанок Советот треба да спроведе транспарентна постапка за номинација на претставниците на граѓанските организации по пат на јавен повик. Беба Жагар извести дека Институтот за европска политика упати писмена реакција дека поканата за учество на граѓанските организации во Мониторинг комитетот не беше доставена навремено, имајќи предвид дека квалитетното и суштинско

учество бара и соодветно време за подготовка. Информираше дека Институтот за европска политика, на вториот состанок на Мониторинг комитетот за ИРР, укажа дека учеството на граѓанските организации не треба да се сведува само на ад хок или директни покани, иако тие се предвидени со Деловникот за работа. Во својата реакција, Институтот препорача предвидливо и суштинско учество, со навремен пристап до релевантни документи пред и по состаноците, можност за доставување писмени придонеси и јасен механизам преку кој Комитетот ќе покаже како ги разгледува и зема предвид препораките на граѓанските организации при подготовката на следните состаноци.Валентина Величковска потсетувајќи на обврската за квартално следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028, предложи на следната седница на Советот, како точка на дневен ред да се стави Полугодишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата.

Дарко Аврамовски сподели информација дека е започнат на процесот за подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лобирање и смета дека е потребна реакција од Советот во однос на ова прашање поради две причини. Првата е дека платформата која е составена од 18 граѓански организации е поканета со свои претставници, но сепак во работната група која брои над 40 члена, учествуваат само двајца претставници на граѓанскиот сектор, а втората причина е дека не се прави клучна дистинкција меѓу комерцијалното лобирање за приватни интереси и легитимното граѓанско застапување за јавен интерес, што води кон загрозување на граѓанскиот простор, социјалниот дијалог и уставно загарантираното право на учество во креирањето јавни политики. Данче Даниловска Бајдевска се согласи дека не смее да се изедначи застапување од јавен интерес со лобирање за економски цели, истакнувајќи дека се потребни широки консултации и реакција од Советот пред да биде предоцна, бидејќи во првата половина на јуни 2026 година се одржа првата средба на работната група и според динамиката на Министерството за правда, се очекува во периодот јули-август да биде подготвен текстот на предлог-законот. Членовите на Советот констатираа дека е потребно да се укаже на неопходноста од транспарентен и инклузивен процес на подготовка на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за лобирање, а текстот на предлог-законот да биде доставен на мислење до Советот, пред негово доставување до владина постапка.

Елизабета Божиноска сподели дека нема информации за статусот на предлозите за дополнувања и измени на доставени преку ЕНЕР од страна на мрежите и граѓанските организации во однос на Предлог-законот за здравствена заштита, Предлог-законот за контрола на заразни болести и Предлог-законот за евиденции во областа на здравството. Не е познато дали и во кој обем доставените предлози се земени предвид во понатамошната постапка за подготовка на законските решенија, иако ова прашање е отворено на претходни седници на Советот и преку секторската работна група во областа на здравството.

<u>**Заклучоци:**</u>

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество заклучи да се прошири составот на постојаната работна група за комуникации со Беба Жагар, Институт за европска политика Скопје и Маја Атанасова, Македонско здружение на млади правници Скопје.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата да подготви Нацрт-известување до Министерството за правда согласно дискусијата на седницата и ставот на Советот дека во Законот за лобирање треба да се направи јасна разлика меѓу комерцијалното лобирање за приватни интереси и граѓанското застапување за јавен интерес.

3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви допис до Министерството за здравство за информирање за статусот на Предлог-законот за здравствена заштита, Предлог-законот за контрола на заразни болести и Предлог-законот за евиденции во областа на здравството, по доставените предлози преку ЕНЕР за дополнувања и измени од страна на мрежите и граѓанските организации.

4. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата за седницата на Советот што ќе се одржи во септември 2026 година да подготви Полугодишен извештај за статусот на имплементација на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028.

Седницата заврши во 16:15 часот.

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество

Никица Кусиникова

ДОСТАВЕНО ДО:

- Лидија Најдова-Ниневска и Гоце Стоиловски- Министерство за внатрешни работи
- Бојана Босилкова и Александра Цветановска - Министерство за правда
- Суеда Бајрами и Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците
- Даница Насова Иванова и Марија Николовска Ѓорѓиев- Министерство за европски прашања
- Ангелина Јакимовска и Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии
- Елизабета Поп-Ангелова и Бети Попова - Министерство за економија и труд
- Јован Грповски и Весна Блежески Синадинова - Министерство за здравство,
- Весна Виќњевиќ и Александра Анчева - Министерство за образование и наука
- Шпреса Саиди и Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Стефан Вангелски и Александра Куновска - Министерство за локална самоуправа
- Снежана Ристовска и Ирина Димовска - Министерство за култура и туризам
- Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски- Министерство за дигитална трансформација
- Наим Вренези и Ениса Далипи - Министерство за животна средина и просторно планирање
- Валентина Величковска и Дарко Димов - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје
- Дарко Аврамовски и Лејла Тутиќ - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" Скопје
- Маја Атанасова и Бојана Божиновска Силјановска - Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
- Симонида Кацарска и Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје
- Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски - Здружение Конект Скопје
- Моника Илиоска Кантарџиоска и Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп
- Сузана Стојановска и Ирена Лозана- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје
- Асиб Зекир и Мартина Иљаз – Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ Скопје
- Теа Зографска и Мартина Станковиќ - Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Елизабета Божиноска - ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје
- Емилиа Ѓероска и Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола
- Зоран Димов- Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски – Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово
- Бардил Јашари и Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје
- Драгица Вучковиќ и Милорад Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола

Подготвила: м-р Елпида Самарџиоска, советник во Одделение за соработка со невладини организации
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација